СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

2024-2029

Содржина

Вовед 2
Профил на општината 4
Методологија 5
Цел на стратегијата 6
Приоритетна област I: Младинско учество 6
Приоритетна област II: Младинска работа 10
Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување 14
Останати области на делување 20

Вовед

Во свет управуван од брзиот технолошки напредок, менувањето на глобалната динамика и еволуирачкиот социо-економски развој, грижата за младите и нивното зајакнување е од клучна важност за иднината на општеството. Како што стоиме на прагот на утре, станува сè поочигледно дека негувањето на потенцијалот и аспирациите на нашите помлади генерации не е само опција, туку императив кој го држи клучот за напредок и одржливост.

Денешните млади умови не се само пасивни наследници на светот што го создаваме, тие се архитекти на утрешната реалност. Нивната креативност, иновативност и перспективи ќе ја обликуваат траекторијата на општествата, индустриите и политиките во годините што доаѓаат. Затоа, не е доволно само да ги опремиме со образование, вистинското зајакнување значи да им се обезбедат алатки, знаења, вештини и можности да преземат одговорност за сопствените судбини и значајно да придонесат за подобрување на средината во која живеат.

Зајакната млада популација придонесува за подинамична економија, при што младите со своите креативни идеи и претприемачките потфати ги зајакнуваат пазарите и поттикнуваат иновации. Покрај тоа, активната и информирана младина игра клучна улога во обликувањето на општествениот и политичкиот дискурс, овозможувајќи интересите на младите да се соодветно претставени во процесите на донесување одлуки.

Сепак, патот кон зајакнување на младите е повеќеслоен и сложен. Тој вклучува справување со низа предизвици, вклучувајќи правичен пристап до образование, значајни можности за вработување, поддршка за менталното здравје и средина која поттикнува личен раст и самодоверба. Потребен е заеднички напор од властите (локални и национални), образовните институции, организациите во заедницата и приватниот сектор за да се создаде екосистем кој ги негува, води и подига младите поединци.

Стратегијата за млади на Општина Кривогаштани 2024-2029 е изработена во соработка со граѓанската организација „Про Локал“, а во рамки на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2“ поддржан од Амбасадата на Кралството на Холандија во Р.С.Македонија. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

Локалната стратегија за млади е 5-годишна визија за иднината на младите во Општина Кривогаштани. Истата се базира на сеопфатно истражување кое имаше за цел да овозможи широк консултативен процес во кој младите го дадоа својот придонес преку анкетни прашалници, како и преку интервјуа и фокус-групни дискусии. Воедно, преку секундарно истражување беа консултирани релевантните стратешки и други документи за млади на локално и национално ниво. Беше организирана и работна група во рамки на која се утврдија конкретни приоритетни области, вклучително и предлог мерки и активности. Во рамки на стратешкото планирање беше изработен и Акциски план со буџет за две години, во кој се дефинирани конкретни проекти и активности за достигнување на резултатите во секоја од зададените цели во Стратегијата.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Оваа стратегија ја прифаќа дефиницијата за „млади“ дадена во погоре споменатиот закон, според кој млади се лица на возраст од 15 до 29 години.

Стратегијата за млади на Општина Кривогаштани се базира на следните темелни принципи:

Партиципативност

- Вклученост на сите заинтересирани млади во креирање и имплементација на стратегијата

Инклузивност

- Рамноправност и еднакви можности за сите млади да го остварат својот целосен потенцијал во сите области на општественото живеење

Холистички пристап

- Соработка со други државни организации/институции/тела, како и соработка со граѓанскиот сектор и други интересни групи кои работат со/за младите

Одговорност

- Локалната стратегија за млади ја носи и за нејзината имплементација одговорна е Општина Кривогаштани. Стратегијата се спроведува со буџетските средства на општината. Општината е одговорна и за мониторинг и евалуација на стратегијата согласно дефинираните цели и индикатори.

Профил на општината



Општина Кривогаштани е општина во Западна Македонија. Центар на општината е истоименото село. Општина се наоѓа во плодната пелагониска рамница, во Прилепското Поле, во нејзиниот северозападен дел. Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Кривогаштани брои вкупно 5167 население, односно 1675 домаќинства кои живеат во 2379 станови.

Од вкупниот број жители 5021 од жителите во Општина Кривогаштани се изјасниле како етнички Македонци, што е 97% од вкупното население. 53% од вкупното население се лица од машки пол, додека 47% се лица од женски пол.

Што се однесува до младите, во Општина Кривогаштани живеат 923 млади лица на возраст од 15-29 години, што претставува 18% од целокупното население во општината. Од нив 297 се на возраст од 15-19, 309 се на возраст од 20-24 години и 317 се млади на возраст од 25-29 години. Од вкупниот број млади лица (15-29), 476 се лица од машки пол (52%), додека 447 се лица од женски пол (48%).

Општина Кривогаштани се наоѓа во срцето на Пелагониската котлина, опкружена со градовите Битола, Прилеп и Крушево. Општината има 11 населени места плус Кривогаштани каде што е и седиштето на општината. На запад од Кривогаштани е Бушова Планина, а на југ, исток и север се простира Пелагонија. Општината лежи на надморска височина од околу 610 метри.

Најголем дел од населението главно се занимава со земјоделие, производство на зеленчук како: кромид, компир, пиперка, тутун и житарици.



Општината има своја индустриска зона како и слободно земјоделско земјиште кое може да се користи и обработува од потенцијални инвеститори. Големиот број на верски објекти, пред се православни христијански цркви, се туристичка дестинација за многу добронамерници. Почвата овде е погодна за одгледување на коноп за потребите на текстилната индустрија. Во минатото на територијата на општина Кривогаштани биле одгледувани големи површини на коноп за производство на конопни влакна.

Методологија

За потребите на овој стратешки документ, во период август-септември 2023 година се спроведе примарно истражување за младинските трендови во Општина Кривогаштани.

Примарното истражување се спроведе преку метод на испитување, кој ги вклучи следните истражувачки техники:

- **Анкетирање -** Со цел испитување на мислењето на поголем број млади лица Општина Кривогаштани се спроведе онлајн прашалник преку алатката SurveyMonkey на македонски јазик. Прашалникот се состои од вкупно 36 прашања и истиот беше наменет за млади лица на возраст од 15-29 години од Општина Кривогаштани. Прашалникот го пополнија вкупно 52 млади лица од општината од кои 46% од машки пол и 53% од женски пол.
- **Интерјву –** Со цел да се добие посеопфатна слика на за условите на младите, нивните потреби и предизвици низ призмата на локалната самоуправа се спроведе интервју со Службеникот за млади во Општина Кривогаштани.
- **Фокус група –** преку фокус-групна дискусија 6 млади лица меѓу кои претставници на локални младински организации, студенти, средношколци и невработени млади лица ги презентираа локалните предизвици за младите во општината за кои понудија предлог решенија и дефинираа листа на приоритети.

Покрај примарното истражување, направено е и секундарно истражување, односно за целите на стратегијата консултирана е и релевантна литература, национална правна регулатива, оперативни планови и програми и слично.

Цел на стратегијата

Целта на Стратегијата за млади на Општина Кривогаштани е да се зголеми активното учество на младите и да се смени перцепцијата кон младите кои ќе бидат восприемани како активни чинители во севкупниот развој на општината.

Стратешки цели:

1. Младинско учество
2. Младинска работа
3. Претприемништво и поддршка при вработување

Во продолжение даден е подетален преглед на трите издиференцирани приоритетни области со дефинирана стратешка рамка за секоја област одделно.

Покрај наведените области, Општина Кривогаштани ќе се залага за унапредување на животот на младите и во други области на делување и нивна севкупна афирмација.

Приоритетна област I: Младинско учество

На секое демократското општество му требаат посветени млади кои сакаат да учествуваат и да го кажат своето мислење, како и соодветни услови кои ќе им помогнат на младите да се изразат и да се слушне нивниот глас. На младите треба да им биде овозможено да се вклучат во обликувањето на политиките коишто влијаат на нивниот живот.

Донесувањето одлуки за животот на младите не може да ги исклучи самите млади луѓе. Самопретставувањето отсекогаш било основно барање во процесот на остварување на правата на организираните групи или движења (на пр. инвалиди, обоени луѓе, жени итн.), па така, клучно за секоја општина и држава е да осигура дека младите се вклучени во сите фази на одлучување за оние политики кои се однесуваат на прашања/проблеми што ги засегаат.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки

Моментална состојба


Моменталната состојба согласно спроведеното примарно истражување говори дека кога станува збор за вклученоста на младите во носењето на одлуки во локалната самоуправа ставовите меѓу младите се поделени. Имено, нешто повеќе од 1/3 (37%) сметаат дека младите не се вклучени во носењето на одлуки во локалната самоуправа, 31% немаат став по прашањето, додека 33% сметаат дека младите имаат активен придонес во креирање на локалните политики.



Графикон 1. Вклученост на младите во носење на одлуки во локалната самоуправа

Младите во Општина Кривогаштани се повеќе вклучени надвор од формалните институции, каде нивното учество не зависи од формални органи и тела. Така, мнозинство од младите во Кривогаштани имаат искуство во волонтирање за општествено корисна цел, додека околу 60% членуваат/членувале во граѓанска/младинска организација.


Од друга страна, направените анализи покажуваат дека младите во Општина Кривогаштани слободното време најчесто го користат за спортски активности, на кафе со пријателите и на социјалните мрежи. Ниту еден испитаник не одговорил дека своето слободно време најчесто го користи за посета на младински клубови, а релативно се малубројни и оние млади кои слободното време најчесто го користат за културни активности, во граѓански организации и за помагање во заедницата (по 2%). Тоа укажува дека младите само формално членуваат/членувале во граѓанска/младинска организација, без значителен ангажман во слободното време.



Графикон 2. Активности на младите во слободно време

Локалната самоуправа преку Службеникот за млади промовира отвореност кон младите и поддршка на нивните иницијативи. Но, таквата политика на вклученост е препознаена од 54% од младите кои беа вклучени во истражувањето, а кои се согласуваат (целосно или делумно) дека возрасните во општината имаат доверба во младите да ги вклучат во носењето одлуки. Сепак, поголем процент од испитаниците се оптимисти и веруваат дека младите можат да влијаат на општината и да бараат одговорност (сумарно делумно и потполно се согласуваат 69.23% од испитаниците).

Младите од Кривогаштани се значително поголеми оптимисти во споредба со младите на национално ниво, каде според едно истражување речиси 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не можат да влијат врз тоа што и како работат властите.[1]



Графикон 3. Ставови за односот на општината кон младите

Стратешка рамка

Локалната стратегија за млади дава приоритет на промовирањето на учеството и иницијативата на младите луѓе како клучен аспект на социјалната вклученост. Со рационализирање на политиките прилагодени на младите, стратегијата има за цел да го подобри нивното кохерентно спроведување и целокупното влијание.

Општина Кривогаштани ќе се стреми за обезедување на можности за младите да го изразат сопственото мислење, притоа обезбедувајќи застапеност на различните категории млади.

Поаѓајќи од ставот дека споделувањето на мислењето не е доволно за партиципативност, општината се залага за давање на повратни информации до младите за тоа како нивното мислење е земено предвид, покажувајќи го вистинското влијание од нивното учество и со

[1] https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf (пристепено на 11.10.2023 година)

тоа зголемувајќи ја нивната мотивација за изразување на своето мислење, односно активна вклученост во процесите на носење на одлуки.

Покрај тоа, општината активно ќе ги промовира можностите за разновидно и ефективно учество, како и средствата за директна демократија наменети за младите луѓе (вклучувајќи граѓански панели, интервјуа со млади во општината, младински совети, онлајн совети и партиципативно буџетирање).

SWOT анализа

Јаки страни	**Слаби страни**
- Постоење на Законот за младинско учество и младински политики - Постоење на Службеник за млади - Постоење на Национална стратегија за млади	- Недостаток на интерес кај младите за младински активизам - Мал број на младински организации - Неинформираност на младите за понудите во Општина Кривогаштани - Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање
Можности	**Закани**
- Зајакнување на соработката на општината со младински/граѓански организации - Можности за лични средби со млади во општината - Можности за младите онлајн да споделуваат мислења/предлагаат решенија преку профилите на општината - Креирање на Локален младински совет	- Мал број млади луѓе во општината, според пописот од 2021 година во Општина Кривогаштани има само 923 млади - Заминување на младите од општината во главниот град или надвор од РСМ

Област 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО	
Стратешка цел 1.1: Локалниот младински совет активно ги мобилизира младите во општината и ги застапува нивните интереси пред советот на општината.	
Резултати	**Индикатори**
1.1.1 Локалниот младински совет редовно ги слуша потребите на младите и ги застапува пред советот на општината.	• Бројот на одржани состаноци помеѓу младите и ЛМС. • Бројот на седници на кој ЛМС е присутен на седниците на советот на општината. • Број на иницијативи на седници на совет

1.1.2	Младите се информирани и проактивно делуваат во процесите на донесување на одлуки во општината.	• Број на информативни средби за можностите од активно учество на младите • Број на процеси во коишто младите се активно вклучени • Број на вклучени млади (според демографски податоци)
Мерки по цел 1.1: • Младите се активни преку онлајн платформи преку коишто даваат предлози и решенија коишто се дел од нивен интерес. • Организирање на редовни состаноци/средби со младите со цел да се слушнат нивните потреби и предлог решенија		

Приоритетна област II: Младинска работа

Младинската работа ги зајакнува капацитетите на младите луѓе да можат активно да ги реализираат своите права, а во исто време и активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои нив директно ги засегаат.

Младинската работа има важна улога во развојот на младите со разновидни знаења, вештини и ставови, зајакнување на младите и создавање предуслови за ефикасно стекнување независност, како и во стекнување работно искуство, станување посвесни за промени на пазарот на трудот и во зајакнувањето на младите како носители и гласноговорници на промените. Младинската работа им овозможува на младите да уживаат во својата младост, да се запознаат себеси и другите и со тоа да научат подобро да се движат низ околниот свет. Младинската работа го поддржува развојот на вештините и компетенциите на младите и има позитивен ефект врз однесувањето, вклучувајќи го и развојот во претприемачки граѓанин кој покажува иницијатива.


Согласно Националната стратегија за млади 2023-2027, младинската работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Младинската работа игра централна улога во обезбедување на младите со можности да стекнат знаења, вештини и ставови кои им се потребни да бидат активни граѓани во општеството. И покрај тоа што младинската работа добива засилено признавање и препознавање во изминатите неколку години, поголем дел од институциите, младите и другите чинители во општеството се уште не се доволно запознаени со значењето, важноста и можностите кои ги нуди младинската работа, а младинската работа не е целосно воспоставена како професија.

Моментална состојба

Врз основа на резултатите од спроведеното примарно истражување, половина од испитаниците учествувале на работилници за личен/социјален развој. Од вкупниот број испитаници 44% веруваат дека неформалното образование ги зголемува шансите на младите за полесно наоѓање на работа, но високи 40% не знаат како да се вклучат во

неформално образование, додека околу ¼ сметаат дека немаат можности за вклучување во неформално образование.

Само 37% од испитаниците сметаат дека локалната самоуправа преку своите институции го поддржува развојот на младите, додека само 13% од испитаниците веруваат дека во Општина Кривогаштани се спроведуваат кампањи/иницијативи за спречување на ризично однесување меѓу младите.



Графикон 4. Степен на согласност со искази за младинска работа


Мнозинството од младите (90%) се согласни дека во Општина Кривогаштани недостигаат обуки за млади.



Графикон 5. Перцепција за недостаток на обуки за млади

За најголем процент од младите најмногу недостигаат обуки за ментално здравје и обуки за кариерен развој (по 23%), по што следат јазични обуки (19%), обуки за дигитални вештини и обуки за личен развој (по 15%).

Ниту еден испитаник не се одлучил за обука за социјално претприемништво, а мал е процентот и на млади кои најмногу би сакале обуки за лидерски вештини (4%).



Графикон 6. Вид на обуки кои им се потребни на младите

Стратешка рамка

Општината ги разбира и ги уважува потребите и интересите на младите и ќе се залага младинската работа да биде општествено признаена и препознаена како клучен пристап за поддршка на автентичниот развој на младите.

Општина Кривогаштани, поаѓајќи од важноста на младинската работа која го поддржува развојот на вештините и капацитетите на младите луѓе, се залага во соработка со граѓанскиот сектор и други релевантни актери да им обезбеди на младите можности надвор од формалното образование, за колективно и индивидуално дејствување.

Општина Кривогаштани ја препознава потребата од воспоставување на референтна рамка за ефикасна владина младинска политика која ќе служи на целите на Стратегијата. Ова бара поефективна владина координација и институционален систем и свесно распоредување на младинските прашања во организациската структура на општинската власт. Покрај тоа, важно е да се развие сет на критериуми за младинска работа на локалната самоуправа, да се дефинираат задачите и да се поддржи нивното извршување. Паралелно со подобрувањето на административните перформанси, потребна ни е подобра оперативна средина за младинските заедници, заштита на младинските интереси и спецификација на алатки за усогласување на младинските интереси.

Во таа насока, општината ќе го поддржи формирањето на младински центар, но и други младински клубови преку кои младите ќе може да се стекнуваат со неформално образование и да работатат на нивниот личен раст и развој.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на

младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

SWOT анализа

Јаки страни	**Слаби страни**
- Постоење на Закон за младинско учество и младински политики - Постоење на младински организации и други граѓански организации кои опфаќаат прашања од интерес на младите - Постоење на Стандарди за квалитет на младинска работа	- Просторни капацитети за млади луѓе - Мал број младински организации - Неинформираност на младите за понудите во Општина Кривогаштани - Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање
Можности	**Закани**
- Нова студиска програма при УКИМ – Мастер студии за младинска работа 2023/2024 - Создавање простор за млади, градење или менување на намената на постоечките објекти	- Младинската работа во РСМ се уште не е целосно препознаена како професија - Заминување на младите од општината во главниот град или надвор од РСМ

Област 2 – МЛАДИНСКА РАБОТА	
Стратешка цел 2.1: Младите се активни чинители во заедницата, со изградени компетенции и успешно придонесуваат за личниот развој и развојот на општината.	
Резултати	**Индикатори**
.1.1 Младите ги стекнуваат компетенциите преку учество во различни активности од неформално образование.	• Број на активности од неформално образование • Број на млади вклучени во неформално образование • Број на млади со стекнати компетенции вклучени во неформалното образование
.1.1 Отворен младински центар во којшто бесплатно се спроведуваат обуки за различни вештини на младите луѓе.	• Отворен Младински центар во Општина Кривогаштани • Број на бесплатни обуки за вештини на младите луѓе • Број на млади вклучени во обуките за различни вештини • Број на млади со стекнати вештини од обуките • Број на области опфатени во обуките
Мерки по цел 1.1: • Кампањи за поттик на младите за активно вклучување во програмите за обука.	

- Креирање на тим на обучувачи кој ќе го спроведуваат процесот на обуки.
- Подршка на иницијативи предводени од младите

Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување

Невработеноста ги погодува младите двапати почесто од возрасните во повеќето европски земји и е една од главните причини за сиромаштијата. Поради високата стапка на невработеност кај младите, голем број европски земји го интензивираа воведувањето мерки на активни политики за вработување, на национално и локално ниво, со цел да се зголеми вработеноста на најранливите групи на население, вклучително и младите. луѓе. Високи стапки на младинска невработеност се присутни и во земјите-членки на ЕУ, а на младинската невработеност не е имуна ниту РСМ.



Графикон 7. Стапки на невработеност на младите (15-29) во РСМ

Извор: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__StapkiDrugiIndikatori/088_PazTrud_Mk_StapNev_ml.px/chart/chartViewColumn/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-4e5f7ec5ef (пристапено на 11.10.2023 година)

Согласно последниот попис на населението од 2021 година, вкупно 452 млади лица од Општина Кривогаштани, односно 48.9% се изјасниле како вработени, додека 71 млади лица се изјасниле како невработени активни барателиа на работа, што е околу 7.6% од вкупниот број млади (15-29 години) во општината. Од друга страна, 392 млади лица, односно 42.4% од младите се невработени, но активно не бараат работа. Од нив поголем дел сè уште се во образовниот процес.

Иако процентот на невработени млади активни баратели на работи не е алармантен, општината се стреми секој млад човек да го исполни својот работен потенцијал согласно стекнатите знаења и вештини во формалното и неформално образование.

Еден од начините како младите да станат независни, да имаат флексибилен начин на живот, да започнат кариера, да применуваат иновативни идеи и на тој начин да придонесат за економскиот и социјалниот развој на целото општество е да станат претприемачи. Искористувајќи ги можностите за образование и неформално учење, општината е на став дека претприемачкиот начин на размислување треба да се промовира кај младите.

Младинското претприемништво може да се дефинира како процес во кој креативните и иновативните идеи се трансформираат во претпријатија иницирани и управувани од млади луѓе. Младинското претприемништво обезбедува раст на вработеноста, вклучување на младите во пазарот на труд и нивна самореализација.

Но, младите неретко се соочуваат со голем број бариери на патот кон самовработување, вклучително и недостаток на модели за претприемништво (на пр. родителите и наставниците можеби не се искусни со претприемништво), недостаток на искуство на пазарот на трудот, недостаток на претприемачки вештини, ниски нивоа на заштеди.

Повеќето земји користат различни политики и програми за младинско претприемништво за да ги поттикнат и поддржат младите во креирањето бизнис. Пристапите вклучуваат образование за претприемништво, програми за обука (надвор од образованието), менторска поддршка за претприемништво, бизнис инкубатори и субвенционирање.

Креаторите на политики би можеле да сторат повеќе за да им помогнат на младите претприемачи да создадат одржливи бизниси преку поддршка на иновативни идеи, кои ќе ги зголемат шансите за успех.

Моментална состојба

Спроведеното истражување покажа дека големо мнозинство од младите во Општина Кривогаштани (86%) повеќе би сакале да станат претприемачи и да започнат сопствен бизнис, отколку да работат за друг работодавач.

Иако мнозинството имаат желба да основаат сопствен бизнис, за 48% најголема пречка на патот до претприемништвото се финансиите. За нешто повеќе од 1/5 од испитаниците стравот од неуспех е тој што ги спречува младите да ризикуваат и да се обидат да си го остварат својот сон за сопствен бизнис, додека значајна улога има и недостатокот на вештини и знаења (19%).



Графикон 8. Најголем пречка за основање на сопствен бизнис

Нешто помалку од половина од испитаниците не знаат дали општината поддржува програми за младинско претприемништво, додека само 21% сметаат дека такви програми се поддржуваат од страна на локалната самоуправа.

Во своето интервју, Службеникот за млади од општина Кривогаштани посочува на недостаток на поддршка од општината, наведувајќи дека извесна поддршка младите добиваат преку мерките на АВРСМ. Тој предлага дека општината може да организира едукативни работилници за млади и програми за менторство на млади претприемачи.



Графикон 9. Општинска поддршка на програми за младинско претприемништво

Запрашани за причините за стапката на младинска невработеност, се забележува самокритичност на младите. Имено, најголем број испитаници (31%) одговориле дека младите се невработени затоа што не сакаат да работат. За нешто помалку од 1/3 главна причина за младинска невработеност се лошите услови за работа, по што следуваат отсуство на локална политика за економски развој (13%) и отсуство на локална стратегија за младинско вработување (11%). Според испитаниците, недоволната квалификуваност на

младата работна сила и недостаток на работни места најмалку влијаат на невработеноста за младите во Кривогаштани (8%).



Графикон 10. Причини за младинска невработеност

Загрижувачки податок е дека 85% од младите во Општина Кривогаштани би се преселиле во друг град/населено место во потрага по подобри можности за работа. Анализата на двата последни пописи во државата покажува дека над 77.000 млади лица коишто се родени во РСМ заминале во странство во последните неколку години. Младинската емиграција е сериозен проблем на регионално и национално ниво, а одредени истражувања покажуваат дека главни причини поради кои младите си заминуваат од државата е неможноста да добијат квалитетно образование и потоа да се вработат.[2]

Стратешка рамка

Општина Кривогаштани се залага за унапредување на младинското вработување, овозможување на достојна работа на младиот човек, како и следење на глобалните текови во поглед на подобрување на условите за започнување со сопствен бизнис.

Имајќи предвид дека успешната транзиција од училиште на пазарот на трудот е централен аспект на социјалното, економското и социјалното учество, дизајнот на оваа транзиција од перспектива на младинската политика е од огромно значење.

Општината прави напори преку програми и акциски планови да ја стимулира вработливоста на младите. Дополнително, посебен акцент е ставен на развојот и унапредувањето на претприемништвото и самовработувањето, со цел да се поттикнат младите луѓе да започнат сопствен бизнис.

Повеќе години на национално ниво, Агенцијата за вработување на РСМ предвидува годишни програми и мерки за самовработување, односно поддршка за невработени лица да започнат или формализираат сопствен бизнис. Ваквата поддршка е наменета за повеќе

[2] https://fokus.mk/brojot-na-mladi-luge-megu-dva-popisa-se-namalil-za-shest-protsenti/ (пристапено на 11.10.2023 година)

категории на граѓани, меѓу кои и невработени млади лица до 29 години и истата вклучува неповратни средства за основање на бизнис, финансирање на дел од трошокот за регистрација на правен субјект, поддршка за дополнително вработување на невработени лица со попреченост, како и невработени млади лица до 29 години.

Воедно, на национално ниво предвидени се и обуки за претприемништво и развој на претприемачки вештини.

Имајќи предвид дека недостатокот на вештини и знаења за водење на сопствен бизнис беше идентификувана како една од главните пречки за започнување со сопствен бизнис, Општина Кривогаштани ќе работи на поголема промоција на постоечките национални програми, но и за зголемување на бројот на локални обуки за развој на претприемачки вештини. Општината ќе се вклучи во промовирање на младинското претприемништво како економска активност која би помогнала во намалување на невработеноста.

При остварување на наведените цели општината ќе примени холистички пристап, односно унапредувањето и промоцијата на младинското претприемништво ќе се одвива во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништво, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, успешни бизнис стартапи, младински организации и други релевантни чинители на локално и национално ниво.

SWOT анализа

Јаки страни	**Слаби страни**
- Голем број млади луѓе имаат пристап до интернет; - Младите знаат барем еден странски јазик (главно англиски) - Постоење на програмата Младинска гаранција - Постоење на национални програми за поддршка на младинско претприемништво	- Недоволна информираност кај младите за постоечките програми за поддршка на вработувањето - Неусогласеност на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот - Неразвиена навика и свест за започнување сопствен бизнис - Недостаток на финансии за започнување сопствен бизнис - Недостаток на иницијативи за младите да останат во руралните средини - Недоволна институционална поддршка за вработување на млади луѓе - Недостаток на систематски програми за преквалификација и доквалификација
Можности	**Закани**

- Промоција на претприемачки начин на размислување - Финансиска поддршка на младите претприемачи - Користење на ЕУ и други странски фондови - Поголема поддршка од граѓанскиот сектор за креирање на модел за поддршка на младинското вработување - Промоција на моделот на е-бизнис - Развој на креативноста и иновативноста низ почетните фази на образованието, но и преку обезбедување можности за неформално учење.	- Продолжување на трендот на иселување на младите од Општина Кривогаштани - Отсуство на волја за реформа на образовниот систем, со што ќе се земат предвид потребите на домашниот пазар на трудот - Незаинтересираност на индиректните корисници за спроведување на мерките поврзани со вработување и претприемништво на младите - Незаинтересираност на финансиските институции за кофинансирање на претприемачки потфати од страна на младите - Создавање негативна слика за медиумите за општата состојба на општеството, што негативно влијае на претприемачките амбиции на младите.

Област 3 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Стратешка цел 3.1: Конкурентни млади претприемачи со стекнати компетенции активно учествуваат на пазарот на труд.

Резултати	Индикатори
3.1.1. Општината ги подржува младите во развој на нивните претприемачки вештини.	• Број на млади поддржани од страна на општината • Број на млади коишто се стекнале со вештини и компетенции за вработливост • Број на млади што отвориле сопствен бизнис • Број на вработени млади коишто биле дел од програмата
3.1.2. Програма за практиканство и волонтерство подржана од страна на општината.	• Број на практиканти коишто биле вклучени во програмата за практиканство и волонтерство • Број на институции и компании коишто поддржуваат практиканство и волонтерство • Број на млади коишто успешно го реализирале практиканството и волонтерството • Број на млади коишто засновале работен однос врз основа на практиканството или волонтерството

3.1.3. Програма за вработливост во МЦ е имплементирана на годишно ниво.	• Изготвена е годишна програма за вработливост во МЦ • Број на млади луѓе вклучени во програмата • Број на млади луѓе што успешно ја завршиле програмата
Мерки по цел 1.1: • Обуки за стекнување на вештини за вработливост и претприемништво се дел од бесплатните услуги на МЦ. • Креирање на мапа на иснституции коишто го поддржуваат практиканството и волонтерството во општината.	


Останати области на делување

Имајќи ја предвид ограниченоста на ресурсите и желбата и потребата да се донесе прагматична, применлива и одржлива стратегија, Општина Кривогаштани согласно претходно спроведеното истражување акцентот го стави на наведените три стратешки цели разработени како посебни области на делување.

Но, уважувајќи ја потребата од унапредување на животот на младите во сите сфери на нивното живеење, општината ќе презема континуирани мерки за унапредување и развој и во други области.

Младинско информирање

Одговорите на испитаниците во делот на младинско информирање укажува дека младите од општина Кривогаштани најчесто се информираат преку социјалните медиуми (90%), по што следат врсниците и електронските медиуми (со по 63% од одговорите). Нешто повеќе од половина (56%) често се информираат преку пријатели/роднини, додека за 44% од испитаниците наставниот кадар е чест извор на информирање. Нешто повеќе од 1/3 (36%) одговориле дека се информираат преку Службеникот за млади (често или ретко).



Графикон 11. Извори на младинско информирање

Службеникот за млади од општина Кривогаштани во своето интервју посочува дека општината ги објавува сите информации на својата веб страна и на социјалните мрежи, а предвидено е во иднина преку него и преку канцеларијата да се овозможат повеќе информации за младите. Но, имајќи предвид дека многу мал број од младите во Кривогаштани се запознаени со фактот дека во нивната општина постои Службеник за млади (само 11%), од клучна важност е да се поработи на поголема промоција на службеникот и неговото значење за младите во општината.

Младите се подобро запознаени со недостатокот на Стратегија за млади (околу 3/4) и висок процент на испитаниците (69%) сметаат дека младите сакаат да се информираат. Нешто помалку од 1/3 сметаат дека општината редовно информира за можностите за млади, а сличен процент одговориле дека младите знаат каде и како да се информираат за случувањата во општината.

Запрашани за какви содржини најмногу сакаат да се информираат, најмногу од испитаниците (56%) одговориле дека сакаат повеќе информации за концерти и други музички настани, а половина од нив се заинтересирани за обуки за подобрување на вештините. Исклучително низок интерес кај младите имаат вестите со политички содржини (само 4%).



Графикон 12. Содржини од интерес на младите

Општината се залага за навремено информирање на младите за прашањата од нивен интерес. Имајќи предвид дека младите најчесто се информираат преку социјалните мрежи, општината во иднина повеќе ќе ги користи истите за споделување на содржини наменети за младите. Воедно, со оглед дека значителен дел од содржините од интерес за младите се однесуваат за образовни и информации во врска со граѓански активизам, во споделување на информациите општината ќе соработува со училиштата и граѓанските организации.

Дополнително, младите ќе можат да се информираат и преку Службеникот за млади и другите тела во општинската администрација.

Образование

Младите се критични во поглед на недостатоците и предизвиците со кои се соочиле/се соочуваат во училиштето.

Според нешто повеќе од една четвртина, најголем предизвик за училиштата во Кривогаштани е недостатокот на соодветни наставни материјали, по што следат младински клубови или друга форма на младинско здружување (23%) и воннаставни активности (спортски натпревари, музички/ликовни секции, театарски претстави, поетски читања и сл.) со 21% од одговорите. Од друга страна, очигледно постои извесно задоволство од условите за спорт и спортски активности затоа што ниту еден испитаник не посочил на недостаток на спортска сала или реквизити за физичко образование.



Графикон 13. Недостатоци во општинските училишта

Запрашани дали во формалното образование се охрабрува критичко мислење, помалку од 1/3 испитаници (29%) се изјасниле позитивно во поглед на училиштата, додека 38% немаат став по однос на прашањето. Тоа веројатно е резултат на недоволно познавање на концептот и значењето на критичкото мислење. Околу 1/3 (35%) сметаат дека образовниот процес ги подготвува за успешно вклучување на пазарот на труд.

Нешто повеќе од половина сметаат дека младите се заинтересирани за нивно надградување преку неформално образование (54%), што веројатно делумно се должи на ставот на 44% кои сметаат дека формалното образование не им овозможува на младите да се стекнат со животни вештини. Тоа укажува дека младите веруваат дека постои одредена дискрепанција на она што тие го учат на училиште/факултет со знаењата и вештините коишто ќе им бидат реално потребни на работното место.

Општина Кривогаштани се залага за квалитетно образование и воспитание на младите генерации и нивно вклучување во севкупниот развој на македонското општество. На подрачјето на Општина Кривогаштани се наоѓаат две општински училиште ОУ „Јонче Смугрески“ - Обршани и ОУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани, како и пет подрачни училишта во селата Бела Црква, Боротино, Годивле, Подвис и Крушеани.

Локалната самоуправа во својот делокруг на надлежности може да презема активности и иницијативи со Министерство за образование и наука во насока на спроведување на националните политики за квалитет на образованието, усовршување на наставниот материјал, како и лобирачки активности со цел унапредување на меките вештини на младите и нивна подготовка за успешно вклучување на пазарот на труд.

Дополнително, Локалната самоуправа во соработка со училиштата може да спроведуваат консултативни состаноци со бизнис заедницата за да се испитаат можностите за инволвирање на бизнисот во спроведување на практичната настава.

Култура и спорт

Културно-уметничките содржини се значајни за развојот на младиот човек.

Младите од општина Кривогаштани во голем процент (77%) се задоволни (потполно или делумно) од тоа што општината им го нуди за задоволување на нивниот културен живот.

Оние кои не се многу задоволни и сметаат дека има простор за подобрување на културно-уметничкиот живот во општината, во најголема мера сметаат дека на општината има потреба од подобрување на инфрастурата во областа на културата, културно-уметнички манифестации (45%), по што следат забавни паркови и отворени фестивали (27%), културно-уметнички манифестации и музички манифестации (по 16%).



Графикон 14. Какви културни содржини им недостигаат на младите во општината

Високи 77% од испитаниците се делумно или потполно задоволни од условите за спорт и спортски активности во Кривогаштани.

Од друга страна, речиси 1/3 од испитаниците кои не се потполно задоволни сметаат дека сликата ќе се подобри доколку се изградат отворени спортски терени на отворено (29%). Според ¼ од испитаниците најголем проблем околу спортскиот живот во Кривогаштани е што општината не дава финансиска ниту друга поддршка на успешни спортисти.



Графикон 15. Недостатоци на спортскиот живот во општината

Општина Кривогаштани ја разбира потребата на младите за збогатување на културниот живот, како и за подобрување на условите за спорт и спортски активности.

Во таа насока, во соработка со национални и меѓународни фондови, како и во соработка со граѓанскиот сектор, општината ќе се стреми да отвори повеќе спортски терени на отворено со спортски реквизити кои ќе бидат за сите достапни за сите млади.

Воедно, препознавајќи ја важноста од спортувањето за физичкото и ментално здравје на младите, општината ќе работи на поголема промоција на спортот и поддршка на успешни млади спортисти.

Истовремено, Општина Кривогаштани го поддржува и охрабрува културното-уметничко творештво на младите и ќе се стреми во соработка со младинските организации да го збогати културно-уметничкиот живот во општината.

Здравство

Повеќето од испитаниците својата здравствената состојба ја опишале како одлична (56%), многу добра и добра/просечна (по 21%).

Мнозинство од испитаниците се запознаени со разните ментални состојби (81%), што е веројатно во причинско-последична врска со високите 48% испитаници кои некогаш се соочиле со предизвици со менталното здравје. Ако се навратиме на прашањето во врска со видовите обуки кои младите сметаат дека им се потребни, повеќето од нив посочиле дека тоа се обуки за ментално здравје. Тоа е индикатор дека менталното здравје е прашање кое треба уште повеќе да се актуелизира и да се работи со младите како би можеле навремено да препознаат одредени несакани ментални состојби кај себе или кај своите врсници и навремено да интервенираат како би спречиле посериозни последици.

Од друга страна, само 15% од испитаниците посетиле психолог/психотерапевт и исто толку користеле медикаменти за менталното здравје. Тоа може да е последица на сè уште стереотипното восприемање како „ненормалност“ доколку се посетуваат психолози и се

користат лекарства за ментално здравје. Ваквото игнорирање на проблемите може да предизвика далекусежни последици по здравјето на младиот човек.

Иако само 6% од испитаниците одговориле дека имаат конзумирано дрога, имајќи ги предвид последиците од користењето на присхотропни супстанци, мора континуирано да се работи на едукација на младите од штетните последици од конзумирање на истите.



Графикон 16. Ставови за здравствени прашања

Здравјето на младите е особено важна тема за секоја земја, земајќи предвид дека здравјето на младите ја обезбедува иднината на таа земја. Согласно Светската здравствена организација здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или телесни недостатоци. Токму затоа мора да се зајакне грижата за здравјето на младите.

Според УНИЦЕФ: „До 20 проценти од адолесцентите на глобално ниво доживуваат ментални нарушувања. Три од четири проблеми со менталното здравје на возрасните лица започнуваат во детството и адолесценцијата, а алармантен дел од адолесцентите, 5 - 10 проценти во земјите со високи приходи и 15 проценти во земјите со средни и ниски приходи имаат обид за самоубиство“.[3] Воедно, „се проценува дека три четвртини од проблемите со менталното здравје се појавуваат пред 25тата година.“[4]

Оттука, Општина Кривогаштани во соработка со релевантни институции и организации, поддржува систематски кампањи за ментално здравје. Воедно, потребна е континуирана

[3] https://www.unicef-irc.org/research/mental-health (пристапено на 12.10.2023 година)

[4] Здружение на граѓани Младите можат, Грижа за менталното здравје на млади, февруари 2022 година, преземено од https://youthcan.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Publikacija-MM-%D0%9C%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%97%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%98%D0%B5.pdf (пристапено на 12.10.2023 година)


едукација и обука за менталното здравје на младите и рушење на стереотипизацијата од посета на стручни лица (психолози/психотерапевти).

Покрај менталното здравје, Општина Кривогаштани ќе се залага и за поголема промоција и едукација на младите за здрави животни навики.

Безбедност (насилство)


Особено значаен и надоврзан сегмент на здравствената заштита на младите е нивната безбедност. Високи 90% од испитаниците потполно или делумно се чуствуваат безбедно (дома, на училиште/факултет, на улица, на работа) и 85% потполно или делумно се чувствуваат прифатени/почитувани од средината. Околу ¾ се задоволни од животот во Кривогаштани (потполно или делумно 73%).

Сепак, околу 1/3 потполно или делумно се согласуваат дека младите се често жртви на физичко насилство во Кривогаштани, додека 63% потполно или делумно се согласиле дека младите често се жртви на онлајн насилство во интернет просторот. Оттука се јавува претпоставка дека помеѓу младите во Кривогаштани неретко се јавува врсничко насилство, особено во виртуелната реалност.



Графикон 17. Степен на согласност со искази за безбедносни прашања

Размислувајќи за иднината, младите најмногу се плашат од непочитување на човековите права и слободи (48%). Потоа следат неизлечивите болести со 44% од одговорите. Ваквиот страв може да се должи на неодамнешната пандемија, која особено медиумски се актуелизираше изминатиот период. Висок процент на млади (42%) изразува страв од сиромаштија, што се претпоставува дека е поврзано со актуелната економска криза и зголемување на трошоците за живот.



Графикон 18. Најголеми стравови за иднината

Во интерес на општеството е младите луѓе, како најактивен и најплоден сегмент од општеството, да дејствуваат и да се развиваат, а развојот не е возможен доколку на младиот човек не му е загарантирано оптимално ниво на безбедност. Дека безбедноста е нужност говори и хиерархијата на човекови потреби на познатиот психолог Абрахам Маслов, според која безбедноста се наоѓа на второто место (веднаш по физиолошките потреби како вода, воздух, храна, облека, спиење).

Општина Кривогаштани во рамки на својот делокруг на работа, во соработка со надлежните институции (здравствени установи, училишта) и граѓански организации кои работат во оваа област ќе работи на превенција на девијантни појави меѓу младите и зголемување на објективната и субјективна безбедност. Воедно, општината ќе работи на подобрување на инфраструктурата во јавниот простор (улично осветлување и слично) што ќе придонесе за зголемување на безбедноста на младите.

Во соработка со Министерството за внатрешни работи ќе се овозможат зачестени безбедносни контроли во фреквентни места со цел поголема заштита на младите и превенција на насилно однесување. По потреба, во превентивните активности може да бидат вклучени и родителите и наставниот кадар.